| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Дарови на природата |
| **Содржина на денот** | Лековити билки |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Марија Галевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Како правилно да се движиме и играме надвор во дворот на градинката.<br>Проширување на знаењата за придобивката од здрава и чиста средина. |
| **Активности** | Разговарјте со Вашето дете за природата. За нејзинините карактеристики и убавини.<br>Како предлог за оваа активност започнете со разговор со што е богата природата и со што изобилува. Како таа е најдобар лекар и во себе ги има најубавите билки, тревки кои се лек за нашето здравје. Потоа преку слика покажете му неколку лековити билки и растенија: камилица, нане, мајчина душица и сл. Најпрво опишете ги заедно со детето за да може да ги препознава. Потоа објаснете му на детето каква корист имаме од овие билки. Што можеме да подготвиме од иститe. Подгответе заедно со Вашето дете топол чај од камилица или нане.<br>За крај на оваа активност може исто така да му предложите на детето да прошетате во блиската околина, да побарате и по можност да наберете некои од овие лековите билки.<br>Уживајте со Вашето дете во прошетката и во набљудувањето во природата. |